Архивски знак:
Рок на чување: 71 год
2071 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 03-311
26.03. 2024 год./viti
Скопје / Shkup

До: Министерство за култура на Р.С.Македонија

- Сектор за дејностите од областа на културата и уметноста
- Одделение за драмска дејност

ПРЕДМЕТ:ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА РСМ НУ МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

ТЕАТАРСКИ ПРЕМИЕРИ

1. „ИВАНОВ“

Автор: Антон Павловиќ Чехов

Адаптација и режија: Зоја Бузалковска

Премиера: 26. Мај 2023 година голема сцена РСМ НУ МНТ

2. „ПОЕТРОНИКА“

Поетроника е проект кој содржи избор на дела од македонското поетско творештво ставено во современ музички контекст. Покрај спецификата дека станува збор конкретно за македонско поетско творештво опфаќајќи ги хронолошки сите генерации поети, „Поетроника“ се разликува од сите досегашни слични обиди во самиот пристап кон наративот и се труди да ги избегне стереотипите за тоа како се интерпретира и каква музичка форма прилега на едно поетско изразување

Музика: Андреа Салпе

Аранжмани: Андреа Салпе / Оливер Митковски

Премиера: 08. Јуни 2023 година мала сцена РСМ НУ МНТ

Копродукција помеѓу РСМ НУ Македонски народен театар и Андреа Ристески

3. „ЧИПОЛИНО“

Кореографија: Александра Никифоровски, според Хајнрик Мајоров

Премиера: 10. Јуни Голема сцена РСМ НУ МНТ

Копродукција помеѓу „Bullfrogs ballet production и РСМ НУ МНТ

4. ВИДИ ЛЕТАМ!

Автор: Ана Трпеновска

Режисер: Ивана Ангеловска

Премиера: 07 ноември 2023 година мала сцена РСМ НУ Македонски народен театар

Текстот на е инспириран од автентичните искази и приказни на луѓето со кои и за кои работи УНХЦР, Агенцијата на ОН за бегалци. Овие лица храбро ги споделија своите искуства анонимно за време на работилниците водени од тимот на Вондерленд Театар.

Копродукција помеѓу Вондерленд театар и РСМ НУ Македонски народен театар

5. ШИРОК ДИЈАФАЗОН

Стенд ап комедија

Премиера: 09. Ноември голема сцена РСМ НУ Македонски народен театар

6. МОМЧЕТО СО ПРУГАСТИ ПИЖАМИ

Автор: Џон Бојн

Режија: Зоран Јовановски

Прва изведба: 24 ноември 2023 година голема сцена РСМ НУ Македонски народен театар

Копродукција помеѓу Здружение на независни уметници „Драмско студио – летечка театарска трупа“ и РСМ НУ Македонски народен театар

6. „ПОТКРОВЈЕ“

Според „Цената“ на Артур Милер

Режисер: Александар Ивановски

Премиера: 09. Декември 2023 година Мала сцена РСМ НУ Македонски народен театар

Копродукција помеѓу РСМ НУ Македонски народен театар и Александар Ивановски

7. СОНУВАМЕ, МЕНУВАМЕ!

Автори: Сања Арсовска и Билјана Крајчевска

Режисер: Дејан Пројковски

Премиера: 20.12.2023 година

Копродукциски проект помеѓу ОХО продукција и РСМ НУ Македонски народен театар

ТРИБИНА

„МАКЕДОНСКИОТ ДРАМСКИ АВТОР НА СЦЕНАТА НА МНТ – 78 ГОДИНИ МНТ“

Модератор: Ана Стојановска

04. Април 2023 година – мала сцена РСМ НУ МНТ

ИЗДАВАШТВО/ТЕАТРОЛОГИЈА/ПУБЛИКАЦИИ

1. **ИВАНОВ ДВЕ ВЕРЗИИ 1887/1889 – театролошко издание**
   - главен уредник Зоја Бузалковска
   - уредник Ивана Јарчевска

16 ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛ НА ПАНТОМИНА И ФИЗИЧКИ ТЕАТАР- „ПАНФИЗ“

27-29.04. 2023 година

- 27.04.2023 **СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ** со **„СТРАДАЊАТА НА ИСУС“** гостување од **Швајцарија** - МНТ мала сцена

- 28.04.2023 Гостување на **„СУШТЕСТВО“** од **Р.Србија** МНТ Мала сцена

- 29.04.2023 и 20.05.2023 година - Гостување на **„HOMMO LOVE“** од **Р. Романија** МНТ Мала сцена

ИН МЕМОРИАМ 04.06.2023 година

ТРАЈЧЕ ГЕОРГИЕВ 1967 -2023

Ѓеоргиев дипломира на Факултетот за драмски уметности, Скопје, на отсекот за актерска игра, во класата на проф. Љубиша Георгиевски, во 1991 г. Дел е од МНТ повеќе од триесет години – започнувајќи од првата улога како Акаст во „Мизантроп“ (1989), преку вработувањето во 1998 г. до големиот број на оддиграни улоги. Во 2005 година ја режира и игра во петте пантомими за една глумечка претстава „Човекот" од Марсел Марсо и со неа се стекнува со титулата магистер по пантомима, на Академијата за театар и филм „НАТФИЗ" во Софија, Бугарија. Дел е и од „Театар за пантомима“, летна школа на Кењон колеџ, Гамбир, Охајо, 2008 г., а посетува и едногодишни специјалистички студии по пантомима во класата на проф. д-р Александар Илиев, на „НАТФИЗ“, 2005 – 2006 г.
Основач е и главен двигател на ПАНФИЗ, меѓународниот фестивал за пантомима и физички театар, фестивал кој 16 години опстојува, ја анимира публиката, го поддржува и оддржува овој жанр во театарската уметност и ги донесе кај нас некои од најдобрите светски пантомимичари.
Трајче Ѓорѓиев ќе изјави: „Јас се трудев преку формата да се дојде до суштината ... за мене лично формата како почетно зрно на креирање една улога, нека е и најкратка што може да биде, е еден пат, еден начин да се дојде до суштината.“ Тоа е таа суштина, таа креација, тоа зрно кое го донесе и носеше во себе: дали во форма на кажан збор, движење или режија. Тоа е она што ќе остане зад него како вечен спомен и пример.
Тој е и ќе остане нашиот Густав во „Надвор од умот“ (1991), Пандар во „Троил и Кресида“ (1993), Ивковиќ во „Народен пратеник“ (1993), Чинели во „Јануари“ (1994), Спасе во „МКС“ (1995), Етјен во „Кројач за дами“ (1996), Сапорта Робесвјер во „Мисија“ (1998), Благоја Ќелавиот во „Немушт јазик“ (2000), Виргински во „Демони“ (2001), Силјан во „Писание“ (2002), Доктор Финаш во „Болва в уво“ (2007), Тетин Јаков во „Госпоѓа министерка“ (2009), Бу змијата во „Самовилско јајце“ (2011), Комесарот во „Подемот и падот на кабарето“ (2013), Фридрих Ниче во „Аферата Елсињор“ (2014), Степан Богданович Лиходеев во „Мајсторот и Маргарита“ (2015), Јанушек во „Прекината одисеја“ (2016), Бил Остин во „MAMMA MIA!“ (2017) и Докторот во „Бесачи“ (2019). Настапува и во повеќе претстави за деца, кои се играле насекаде низ Македонија, па и таму каде што сè уште не дошол театар, и за него тоа претставува една благородна мисија во воспитувањето и културното образование на децата. Но, не само на сцената, тој и зад сцената создаваше театарската естетика и приказна. Театарски и видео режисер е од 1991 година, претежно како предводник на театарското студио во Културниот центар во Кочани. Како режисер се потпишува на претстави работени кај нас, но и во Србија и Словенија, меѓу кои: „Кралот Иби“ (1991), „Том Соер“ (1992), „Јане Задрогаз“ (1994 и 1999), „Емигранти“ (1995), „Настојник“ (1996), „Убавицата и сверот“ и „Домот на Бернарда Алба“ (1998 и 2009), „Горски музиканти“ (2003), „Улица“ (2004), „Раце за пријателство“ и „Зимска бајка“ (2005), „Ромео и Џулиета“ (2006), „Без зборови“ (2011 - 2012), „Љубов“ (2012) и „Омнибус плус“ (2013). Во МНТ, во 2004 година ја режира претставата „Домарот“, а потоа и „Вишновата градина“ во 2010 и последната „Најкратки драми на светот“ во 2019 година. Режира и неколку комерцијални и музички видео спотови како и на три видео записи за невладината организација „Потрага по заедничка основа“; документарно-образовната серија во три епизоди „Азбука на пантомимата“ во 2003 година, како и документарниот филм „Осогово, луѓе, села“ во 2008-2009 г.

За својата долгогодишна и исполнета кариера добитник е на Гран при за најдобра претстава и најдобра режија на ДАФ, Кочани за претставата „Кралот Иби“ во 1991 г., Гран при на ДАФ, Кочани, за претставите „Настојник“ во 1996 г., „Домот на Бернарда Алба“ во 1998 г., „Јане Задрогаз“ во 1999 г. и „Најкратки драми на светот“ во 2003 г. Во 2006 година е добитник на две големи награди за претставата „Човекот“ - награда за најдобра сценска игра на фестивалот „Златен рис“ во Бања Лука и наградата на директорите на фестивалот на Меѓународниот фестивал во Габрово, Бугарија.
Не остана само театарската сцена празна за харизматичниот и карактеристичен лик на Трајче Ѓорѓиев. Остана и телевизиското и филмско платно празно. Остана неговиот глас во надсинхонизациите и неговите улоги во серии, филмови и радиодрами да сведочат за овој голем актер: „Бумбари“ (1989), „Еурека“ (1991 - 1994), „Совенски Орфеј“ (1992), „Прекалени“ (1994), „Во светот на бајките“ (1997), „Македонски народни приказни“ (1996 – 1997, 2010), „Погрешно време“ (2000 - 2001), „Чекор пред времето“ (2003), „Големата вода“ (2004), „Обични луѓе“ (2005), „Нави“ (2006) „Турни ме да кинисам“ (2011) „Тврдокорни“ (2013), „Инсајдер“ (2017) и други.

ИН МЕМОРИАМ 29.06.2023 година

ЕМИЛИЈА АНДРЕЕВА 1955 -2023

Емилија Андреева дипломира на Вишата музичка школа во Скопје, на отсекот за драмски актери, во 1977 г. Дел е од ансамблот на Македонски народен театар – Скопје повеќе од 40 години, од 1979 до 2022 година. За врѐме на својата долгогодишна актерска кариера на театарската сцена ги оживеа ликовите на Валерија во „Лов на диви пајки“ (1979), Љубената во „Обесеник“ (1979), Малтескињата Лезли во „Кенгурски скок“ (1979), Невестата и Гирланда во „Кандид“ (1980), Јевросима во „Војна и мир во Груда“ (1981), Емилија во „Габи“ (1982), Ходел во „Свирач на покрив“ (1983), Саша во „Иванов“ (1984), Евгенија Зандaнска во „Mazedonische zustände/Македонски состојби“ (1984), Трендафила во „Рамна земја“ (1985), Рипката во „Гуштерица“ (1986), Другарка на Антица во „Антица“ (1988), Нина Заречка во „Галеб“ (1990) и Госпоѓицата Лујза во „Посета на старата дама“ (1990). Играше и во „Вечер на Лундиквист“ (1979), „По претставата“ (1981), „Остен“ (1981), „Стилски вежби“ (2008) и „Троил и Кресида“ (2010). Една од нејзините претстави е и поетскиот монодрамски приказ „Незавршената приказна” (2009), на Градскиот театар и Младинскиот културен центар.
Добитник е на награда „Трајко Чоревски“ за најдобар млад актер на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп, во 1984 г., како и на награда на ревијата „Екран“ за најдобар млад актер за улогата на Евгенија Зандaнска во претставата „Mazedonische Zustände“, 1984 г., а двапати е одликувана и со високите признанија на тогашната Југословенска радио и телевизија.
Останууваат да сведочат за нејзината талентираност и актерска способност улогите во сериите и филмовите: „Курирот на Гоце Делчев“ (1979), „Исправи се, Делфина“ (1977), „Томи од бензинската пумпа“ (1979), „Оловна бригада“ (1980), „Време, води“ (1980), „Цвеќе на карпата“ (1989) и други.

ИН МЕМОРИАМ 18.09.2023

КАТИНА ИВАНОВА (1951 – 2023)

Со огромно жалење ја споделуваме веста за заминувањето на големата Катина Иванова. Замина нашата колешка Катина Иванова, актерка која повеќе од четири децении беше дел од Македонскиот народен театар. Беше мајстор на сценска интерпретација, со истакнат сценски говор, и посебно специфичен и топол сензибилитет. Катина Иванова беше насмеана и префинета личност, постојан следач на претставите, поддржувач на актерите, извонреден пријател и човек.

Дипломира на отсекот за драмски актери на Високата музичка школа при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1978 година. На сцената на МНТ дебитира уште како студентка во претставите „Соблазна во Шентфлоријанската долина“ и „Славата и смртта на Хоакин Муриета“ (двете во 1976). По дипломирањето, односно од 1979 г., член е на ансамблот на МНТ, каде остварува бројни доминантни улоги во над 45 претстави меѓу кои: Канигунда во „Кандид“ (1980), Дена во „Кршалнига“ (1983), Амелија во „Погрижи се за Амелија“ (1984), Сузана во „Слободни врски“ (1984), Маријана во „Тартиф“ (1986), Мајката на младоженецот во „Малограѓанска свадба“ (1986), Соња во „Црна дупка“ (1988), Арсиное во „Мизантроп“ (1989), Тамарочка во „Валпургиска ноќ или Чекорите на командорот“ (1990), Клер во „Слугинки“ (1993), Ирина во „Лепа Ангелина“ (1995), Гатачката во „Едмонд“ (1997), Катерина Када во „Немушт јазик“ (2000), Македонка во „Балканот не е мртов“ (2001), Госпоѓа Робинсон во „Дипломец“ (2004), Пациент во „Мара/Сад“ (2008), Сопругата во монодрамата „Сребрена свадба“ (2010), Варвара Петровна Ставрогина во „Бесови“ (2011), Ноќта во „Сината птица“ (2014), Прасковја Фјодоровна во „Мајсторот и Маргарита“ (2015), како и последните улоги во „Разговори во четири очи“ (2015), Сесили Робсон во „Квартет“ (2016) и Госпоѓа Пернел во „Тартиф“ (2016). Со подеднаква професионална љубопитност и страст настапува и на сцената на други театри низ Македонија, како и во проекти на независни театарски трупи. Снимила десетина филмови и ТВ серии докажувајќи се како актерка со исклучителен креативен потенцијал меѓу кои се: „Оловна бригада“ (1980), „Хај-фај“ (1987), „Светло сиво“ (1993), „Ангели на отпад“ (1995), „Џипси меџик“ (1997), „Одмазда“ (2001), „Држава на мртвите“ (2002), „Наше маало“ (1999-2004) и „Бунило“ (2009). За своите актерски остварувања, добитник е на Награда за најдобро театарско остварување на Фестивалот „Театарски празници“ (Благоевград, Бугарија) за улогата на Мег во претставата „Роденден“ и Наградата на ревијата „Екран“ за улогата на Ревзија во филмот „Џипси меџик“ (1997).

ИН МЕМОРИАМ 25.09.2023

ВЛАДИМИР ЕНДРОВСКИ (1963 – 2023)

Со огромно жалење ја споделуваме веста за заминувањето на нашиот Владимир Ендровски (1963 – 2023). Замина нашиот колега Владимир, нашиот пријател Љац, ненадминливиот актер и препознатлив лик на театарската сцена и телевизискиот/филмски екран - единствениот Владимир Ендровски. На сцената на НУ РСМ МНТ и воопшто во театарот, телевизијата и филмот кај нас остана огромна празнина која Ендровски ја исполнуваше со својот карактеристичен излив на емоции, маестрално подготвени улоги, и умешноста и

огромна експлозија на енергија која ја пренесуваше од сцената кон публиката. Дипломира на Факултетот за драмски уметности, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, на отсекот за актерска игра во класата на проф. Љубиша Геогиевски, во 1991 г. На сцената на МНТ официјално е од 1993 г., иако како актер се појавува во претстави и пред дипломирањето. На сцената на МНТ ги оживеа и ги направи незаборавни: Далавера змејот во „Рекламна бајка“ (1989), Дромио од Сиракуза во „Забуни“ (1989), Уплавот во „Мир“ (1993), Целе Бумба во „Женски прилог за ноќта“ (1993), Борис во „Буре барут (1994), Манилов во „Мртви души“ (1994), Јован Ангел во „Лепа Ангелина“ (1995), Спасе во „МКС“ (1995), Д-р Алојзие Зилбербрант во „Глембаеви“ (1996), Макрото во „Едмонд“ (1997), Младичот во „Маме му ебам кој прв почна“ (1997), Брајан во „Шопинг анд факинг“ (1998), Антоан во „Мисија“ (1998), Ботар во „Носорог“ (1999), Арнолд Кримп во „Бетмен враќањето на црниот витез“ (1999), Капетан Лебјаткин во „Демони“ (2001), Крадецот во „Павилјони“ (2001), Трајан во „Балканот не е мртов“ (2001), Ристе во „Ослободување на Скопје“ (2002), „Црна дупка“ (2003), Булдог во „Доле влада“ (2004), „Хамлет во транзиција“ (2004), Вадиус во „Една вечер со ..“ (2006), „Троил и Кресида“ (2010), Алексеј Кирилов во „Бесови“ (2011), како и во претставата „Подемот и падот на кабарето“ (2013). Остана да сведочат филмовите и сериите за неговиот талент, ѕвездата која ја носеше и разбирливоста и лесното пренесување на ликовите кои ги имаше во себе. Останаа ненадминливите и секогаш препознатливи ликови: Дино во серијата „Трст виа Скопје (1990) (за која ја има добиено и награда на ревијата „Екран“ за најдобро филмско актерско остварување), Трајче во „Пред дождот“ (1994), Доре во „Преку езерото“ (1997), Безименот во „Збогум на 20-от век“ (1998), Андарт во „Прашина (2001), Стипе Прикачин во „Бал-кан-кан“ (2005), Затвореникот Варден во „Контакт“ (2005), Коки Лабуд во „Некои поинакви приказни, сегмент: Македонска приказна“ (2010) и многу други.

ГОСТУВАЊА НА РСМ НУ МНТ

1.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар на 23 **ИНТЕРНАЦИНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА МОНОДРАМА** во **Битола** со театарската претстава **„ТОРОНТО ЕКСПРЕС“,** автор Зоран Спасов Зоф, режија Јордан Симонов во НТ во Битола на 15.05.2023 година.

2. Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава **„НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“** од Хенрик Ибзен, во режија на Нина Николиќ во **Црногорскиот народен театар во Подгорица, Р. Црна Гора** на 31.05.2023 година;

3.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава **„НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“** од Хенрик Ибзен, во режија на Нина Николиќ **во Босанскиот народен театар во Зеница, Ф. Босна и Херцеговина** на 02.06.2023 година.

4.Гостување на Македонски народен театар на 44.-то издание на Меѓународниот фестивал **„СКОПСКО ЛЕТО“** со театарската претстава **„ЛАГАТА“, автор** Флориан Зелер, во режија на Бесфорт Идризи на 23.06.2023 година.

5.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава **„НЕМА ДА БИДЕ КРАЈОТ НА СВЕТОТ**“, автор Аднан Лугониќ, режија Нина Николиќ на Меѓународниот фестивал за музика, танц и театар „MONTE SACRO“ во TEATRO DEL FUOCO во **Фоџа, Р. Италија** на 25.06.2023 година.

6.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава **„НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“** од **Хенрик Ибзен**, во режија на **Нина Николиќ**, на Меѓународниот театарски фестивал **„ГРАД ТЕАТАР“ во** Будва, Р. Црна Гора на 16.07.2023 година.

7.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава **„НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“** од **Хенрик Ибзен**, во режија на **Нина Николиќ**, на Меѓународниот театарски фестивал **„ПУРГАТОРИЈЕ 2023“ во** Тиват, Р. Црна Гора на 18.07.2023 година.

8.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава „**ЛАГАТА“** во режија на Бесфорт Идризи на Фестивалот на камерен театар „**РИСТО ШИШКОВ“** во Струмица на 12.09.2024 година

9.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава **„НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“** од **Хенрик Ибзен**, во режија на **Нина Николиќ**, на Меѓународниот театарски фестивал **„ОТЕЛО“ во** Гостивар, Р.С Македонија на 09.10. 2023 година.

10.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава „**БАХКИ АГАВА**“ според **Еврипид** и **Тамара Барачков** во режија на **Нина Николиќ** на Фестивалот на античка драма **„СТОБИ“** во Велес на 10.10.2023 година во Велес, Р.С. Македонија

11.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава **„КЕЦ НА ДЕСЕТ“,** автор **Митко Бојаџиски** во режија на **Драган Спасов Дац** и **Јордан Симонов** во Центарот за култура „Антон Панов„ во Струмица на 18.10.2023 година.

12.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар со театарската претстава **„НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“** од **Хенрик Ибзен**, во режија на **Нина Николиќ**, на Меѓународниот театарски фестивал **„БОРИНИ ПОЗОРИШНИ ДАНИ“ во** Врање, Р. Србија на 25.10.2023 година.

13.Гостување на РСМ НУ Македонски народен театар на театарскиот фестивал **„МЛАД ОТВОРЕН ТЕАТАР“** со театарската претстава **„БАХКИ АГАВА“,** според **Еврипид** и **Тамара Барачков** во режија на **Нина Николиќ** на 14.11.2023 година.

14.Гостување на **ГАБРИЕЛ МАРЧИАНО КВАРТЕТ**“ и „**ФРИК ТРИО**“ на **Џовани Фалцоне** на 07.12.2023 година.

ГОСТУВАЊА ВО РСМ НУ МНТ

1. Гостување на „**КОДАРТС ТАНЦОВА КОМПАНИЈА**“ од **Ротердам, К. Холандија** во рамките на 19-тото издание на меѓународниот фестивал „**ТАНЦ ФЕСТ СКОПЈЕ 2023**“ (ТАНЦУВАЈЌИ СОЗДАВАМЕ ИДНИНА) со кореодрамата „**НЕМОЖНА ЉУБОВ**“ во кореографија на Џианхуи Ванг на големата сцена на РСМ НУ МНТ на 04.04.2023 година.
2. Гостување на „**DALLAS BLACK DANCE THEATER**“ од **Далас, САД** во рамките на 19-тото издание на меѓународниот фестивал „**ТАНЦ ФЕСТ СКОПЈЕ 2023**“ (ТАНЦУВАЈЌИ СОЗДАВАМЕ ИДНИНА) со кореодрамата „**РАСПАРЧУВАЊЕ**“ во кореографија на Грегори Долбашиан на големата сцена на РСМ НУ МНТ на 12.04.2023 година.

3. Гостување на „**СКОПЈЕ ТАНЦОВ ТЕАТАР**“ во рамките на 19-тото издание на меѓународниот фестивал **„ТАНЦ ФЕСТ СКОПЈЕ 2023**“ (ТАНЦУВАЈЌИ СОЗДАВАМЕ ИДНИНА) со кореодрамата **„БЛОКОВИ**“ во режија и кореографија на Дејан Битровски на 11.04.2023 година на голема сцена на РСМ НУ МНТ.
4. Гостување на „**СКОПЈЕ ТАНЦОВ ТЕАТАР**“ во рамките на 19-тото издание на меѓународниот фестивал **„ТАНЦ ФЕСТ СКОПЈЕ 2023**“ (ТАНЦУВАЈЌИ СОЗДАВАМЕ ИДНИНА) со кореодрамата **„ЛЕЈДИ МАГБЕТ**“ во режија и кореографија на Рисима Рисимкин по музика на Тони Китановски на 26.04.2023 година на голема сцена на РСМ НУ МНТ.
5. Гостување на **НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ** од **Крагујевац, Р. Србија** со театарската претстава „**БАМБИ**“ по мотивите на Феликс Салтен во режија на Јакуб Максимов на 30.09.2023 година во рамките на **„Интернационалниот фестивал на детски театри ИГОР МАЦИРОВ**“
6. Гостување на хуманитарната театарска претстава „**ЧЕКАЈКИ ГО...**“ на СУ Раде Јовчевски Корчагин на 30.09.2023 година.
7. Гостување на театарската претстава „ВИДИ ЛЕТАМ“, автор Ана Трпеновска во режија на Ивана Ангеловска на 07.11.2023 година.
8. Гостување на **ГАБРИЕЛ МАРЧИАНО КВАРТЕТ**“ и „**ФРИК ТРИО**“ на **Џовани Фалцоне** на 07.12.2023 година.
9. Гостување на **ПАВЛЕ КАМИЛОВСКИ** на 15.12.2023 година – **ПРЕДНОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ** на големата сцена на РСМ НУ Македонски народен театар.
10. Гостување на „**БОЖЕСТВЕНА РАПСОДИЈА**“ во продукција на **„Трисомиа 21Скопје**“ во режија на **„КОЛЕКТИВ ВЕТЕРНИЦА**“ на 22.12.2023 година.

Со почит,

РСМ НУ Македонски народен театар

Директор Симона Угриновска